**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 01.06.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Катерина Доневска, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Фатос Рушити од Коха

Г-дин Петрушевски ја отвори 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.05.2018 година.
2. Информација за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019 – 2021.
3. Предлог-одлука за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД АРТ ЧАННЕЛ, Тетово.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.05.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата м-р Драгица Љубевска ја образложи предложената Информација за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019 – 2021. Објасни дека Секретаријатот за европски прашања на 10 мај 2018 достави барање за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2019-2021. Истовремено, беа доставени детална ГАП анализа на последниот Извештај на Европската комисија за Република Македонија, динамика за подготовка на НПАА 2019-2021 и преглед на структурата на работните групи. ГАП анализата служи како платформа за подготовката на ревизијата на НПАА и во неа, за секој критериум/поглавје/област се наведени: стандардите на ЕУ, сумарната оценка за вкупната подготвеност и напредокот, Приоритети (2015/2016 и 2018), како и детално, сите наоди (позитивни или констатации), препораки (воочени недостатоци) и информација дали тие се повторуваат од претходни извештаи, КСА/ССА поткомитетите, планот „3-6-9“, итните реформски приоритети, предложени надлежни институции. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги имаше забелешки на дел од дадените препораки за надминување на состојбите, пред сѐ, во однос на идентификуваните надлежни институции, наместа несоодветниот превод и давањето препораки за надминување на состојбите. Посочи дека забелешките се дадени во прилог на материјалот. Секретаријатот за европски прашања на 18-ти мај ја извести Агенцијата дека ги има направено бараните корекции и во прилог достави коригирана ГАП анализа. Во врска со усвојувањето на Националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА) 2019-2021, објасни дека планираната динамика на активности е следната:

- сите институции треба да го достават материјалот (наративен дел и матрица) до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 01.06.2018 година;

- одржување работилница со сите работни групи по поглавја за интегрирање на материјалот од сите институции во текот на јуни 2018 година;

- доставување на пополнети обрасци за институции- Анекс 2 (дистрибуција на работни места), буџетски средства - Анекс 3 и Странска помош – Анекс 4а до 02.07.2018 година;

- финализирање и усвојување на Националната Програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2019 - 2021 од страна на Владата на Република Македонија до 30.07.2018 година.

Посочи дека Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и Советот на Агенцијата, согласно дадените насоки за подготовка на ревизијата на НПАА 2019-2021, изготви наративен дел и матрица на цели и активности. Материјалот ги содржи релевантните активности од Годишната програма за работа на Агенцијата за 2018 година и други планирани активности, со тоа што неговата структура ја следи структурата на Извештајот на Европската комисија, односно поглавјата релевантни за Агенцијата: Владеење на правото и фундаментални права, 2.1 Поглавје 23: Правосудство и Фундаментални права и Способност за преземање на обврските од членството, Поглавје 3.10. Информатичко општество и медиуми. Имајќи го предвид наведеното, му се предлага на Советот на Агенцијата да ја усвои предложената Информација за Нацрт- ревизија на Националната програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2019 – 2021, заедно со наративниот дел, матрицата на

цели и активности, Анекс 2 – Институции и состојба на човечки ресурси и Анекс 3 – Буџетски средства 2018, 2019-2021.

Г-дин Петрушевски во врска со точката рече дека најбитните активности на Агенцијата за оваа година се наведени во предложената информација. Од нив ги издвои Стратегијата која ја спомнала раководителката Љубевска, која ќе ја дефинира работата на Агенцијата во наредните 4 до 5 години, потоа двете активности што најчесто сите ги поддржуваат, а тоа се активностите околу зголемување на медиумската писменост во Република Македонија и активностите околу промовирањето на саморегулацијата. Исто така наведено е дека во текот на оваа година очекуваат да се добие и нова анализа на новите медиуми со надеж дека ќе помогне и на Министерството за информатичко општество да ги расчисти дилемите околу тоа дали треба да се менува Законот за медиуми во поглед на новите портали. Тоа претставува многу осетлива област но ќе има една независна професионална анализа во таа насока. Објасни дека имал можност да види дел од нацрт-анализата кој ја работи поранешен претседател на Советот за радиодифузија на едно од телата во Белгија, многу истакнат новинар и експерт во областа. На тој начин рече дека и Агенцијата ќе придонесе во разрешување на тие дилеми. Се надева дека Република Македонија и другите фактори ќе преземат јасни мерки во поглед на тоа дали треба воопшто да се регулираат новите медиуми. Во однос на Информацијата рече дека севкупно ја поздравува и ја поддржува.

Г-дин Ајдини, имаше забелешка во делот што го спомнал и претседателот, на страна 13 од вкупниот материјал. Имено, во краткорочни приоритети пишува и за Стратегијата, меѓутоа дали е пропуст или техничка грешка, пишува 2018-2020. Но бидејќи временскиот период за Стратегијата е 5 години треба крајниот рок да 2022. Објасни дека ја прифаќа информацијата, ја поддржува но предложи годината да се коригира.

Г-дин Фетаи рече дека по образложението од раководителката Љубевска во поглед на информацијата за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019 – 2021, се гледа една сеопфатна, стручна и многу содржајна информација во насока на тоа што Агенцијата како регулатор со години го работи и подготвува и е во тек со состојбите на подобрување на тие елементи и моменти што ги има во нејзиното работење, почнувајќи од говорот на омраза, медиумската писменост и сл. Оваа информација е многу значајна и нема дилеми околу прифаќањето. Исто така бидејќи се до чекор на усвојување на новиот ЗААВМУ исто така би требало и надлежните институции односно министерствата да го имаат во предвид видување на Агенцијата овие работи. Се изјасни дек ќе ја поддржи информацијата.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Информацијата за Нацрт ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019 – 2021, бр.03-2361/2 од 30.05.2018 година поднесена од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-1604/1 од 30.03.2018 година, заедно со наративниот дел, матрицата на цели и активности, Анекс 2 – Институции и состојба на човечки ресурси и Анекс 3 – Буџетски средства 2018, 2019-2021.

**Точка 3**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга. Објасни дека врз основа на Писмото со намери поднесено од страна на физичкото лице, Дејан Јанкоски од

Струга од 24.10.2017 година, Известувањето од Агенцијата за електронски комуникации во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на подрачјето на општина Струга од 01.11.2017 година и изработената Студија од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струга од 22.01.2018 година, Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, од 05.02.2018 година која беше објавена на 06.02.2018 година во „Службен весник на Република Македонија", бр.24/18. Краен рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 07.05.2018 година и до Агенцијата беше доставена една Пријава, со придружна документација, за учество на јавниот конкурс. Врз основа на Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Струга изготвен од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 29.05.2018 година беше констатирано дека поднесената Пријава за учество на јавниот конкурс на единствениот кандидат Дејан Јанкоски од Струга, со појаснување од 22.05.2018 година, ги исполнува условите утврдени во конкурсот согласно погоренаведената Одлука на Агенцијата. Појасни дека сите документи за точката во прилог се доставени во материјалот до членовите на Советот.

Г-дин Петрушевски постави прашање, бидејќи се работи за помал медиум и за радио, она што е кажано дека Агенцијата изработи студија, праша дали таа е сработена од самите вработени од Агенцијата или пак фирма избрана по пат на јавна набавка?

Г-дин Трајчевски одговори дека Студијата ја изработија вработените од Секторот за стратешко планирање.

Г-дин Петрушевски рече дека во ваков случај кога е јасна работата и кога се работи за помал медиум посебно за радио, Студијата ја изработуваат вработените.

Г-дин Фетаи рече дека е во ред ова доделување на дозвола за радио емитување после неколку седници што ги имаше претходно Советот дека одредени медиуми не можеле да опстојуваат поради финансиски и други проблеми. Сега има барање за ново радио што упатува на еден оптимизам и покажува дека се отворени во смисла дека даваат шанса и можност дека во сферата на медиумите ќе има просперитет. Исто така она што и по Закон е обврзан радиодифузерот ќе има и нови вработувања, ќе има обврски кон регулаторот, едно позитивно движење што го радува. Се надоврза и на констатацијата на претседателот на Советот во смисла на изработка на Студијата. Рече дека е добар таквиот начин на пристапување и рационализација и искористување на самите капацитети на институцијата во смисла дека кога нема некоја дилема околу состојбите кои се и кога не се нарушува постојниот амбиент, пејзаж, да се направи Студија со стручните капацитети од Агенцијата. Објасни дека ја поддржува предложената одлука и добро е дека има прилика да има едно ново радио. Им посака успех во работењето и слушателите во Струга да имаат можност побогато да избираат помеѓу постојните радија кои емитуваат програма на тој локалитет.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-253 од 30.05.2018 година поднесен од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-1604/1 од 30.03.2018 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Дејан Јанкоски од Струга, за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на

општина Струга, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 102.2 MHz., со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, одлуката за доделување дозвола да ја достави до Дејан Јанкоски од Струга, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата да ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече да се информира кандидатот за одлуката на Советот, да ги запази роковите и му посака среќа и успех во работењето на радиото.

**Точка 4**

Вишиот соработник од Секторот за стратешко планирање и авторски права Катерина Доневска ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД АРТ ЧАННЕЛ, Тетово. Објасни дека наведеното трговско радиодифузно друштво со Известување за промена на сопственичка структура од 16.05.2018 година, ја извести Агенцијата за планираната промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово. На 18.05.2018 година АРТ ЧАННЕЛ достави допис – Дополнување кон поднесено Известување за промена на сопственичка структура од 18.05.2018 година, во прилог на кое достави преводи од овластен судски преведувач на изјавите од управителот и основачите на странското правно лице коешто пристапува во сопственичката структура на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово дека со планираната промена не се прекршуваат одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заверени на нотар, и превод од овластен судски преведувач на документот за регистрација на правното лице - Акционерско друштво ТВ КЛАН Ш.А во соодветниот регистар на земјата во која е регистрирано, заверен на нотар. Со доставеното дополнување од страна на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, се констатираше дека Известувањето за промена на сопственичка структура е комплетно и уредно, односно дека ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура. Со планираната промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, како единствен сопственик на ТРД АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово ќе биде правното лице - Акционерско друштво ТВ КЛАН Ш.А, од Тирана, Република Албанија. Следствено на наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон.

Г-дин Фетаи рече дека после сите анализи што службено се направени оваа промена на сопственичката структура не ја изместува сликата на постојниот медиумски пејзаж бидејќи не се зголемува бројот на медиуми. Станува збор за истиот медиум само што во него има бизнис планови и релација за нивна соработка. Тоа го поздравува и

мисли дека е во ред тоа што Агенцијата им овозможи на заинтересираните страни кои сакаат да ги реализираат нивните бизнис планови во медиумите да го реализираат тоа успешно и да им овозможи да се одобри промената бидејќи во таа насока нема законски пречки.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-308 од 30.05.2018 година поднесен од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-1604/1 од 30.03.2018 година и донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД АРТ ЧАННЕЛ Тетово, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на ТРД АРТ ЧАННЕЛ Тетово не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до ТРД АРТ ЧАННЕЛ Тетово, со кој ќе побара по извршената промена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надеваат дека телевизијата ќе продолжи успешно да работи и им посака во иднина уште подобро да работат.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2603/5**
**12.06.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**